36627

Нова Македонија, Скопје, 8.II.1989, 15101, 10

**Портрет на Никола Мартиноски во Уметничката галерија**

# ОСТАНЕТЕ СВОЈ, БАЛКАНСКИ

● НА 16-ГОДИШНИНАТА ОД СМРТТА И ПО ПОВОД 60-ГОДИШНИНАТА ОД ПРВАТА САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА НА НАШИОТ ГОЛЕМ СЛИКАР ВО СКОПЈЕ, ЗА НЕГОВОТО ТВОРЕШТВО КОЕ ОДИГРА ОГРОМНА УЛОГА ВО СОЗДАВАЊЕТО НА НАЦИОНАЛНАТА МАКЕДОНСКА КУЛТУРА, НА ВЧЕРАШНАТА СВЕЧЕНОСТ ГОВОРЕА Д-Р БОРИС ПЕТКОВСКИ, НИКО ТОЗИЈА И ДИМИТАР КОНДОВСКИ

Вчера во Уметничката галерија Даут пашин амам во Скопје, во присуство на многубројна публика што ја сочинуваа културни и јавни работници, ликовни уметници и почитувачи на уметноста на Мартиноски, беше одржана свеченост на која му беше направен портрет на овој наш голем сликар, точно на денот на неговата смрт пред 16 години и во месецот кога пред 60 години тој во Скопје ја одржа својата прва самостојна изложба. За творештвото на сликарот и за значењето на неговиот ликовен опус во изградувањето на современата ликовна уметност, а со тоа и на збогатувањето на националната македонска култура, говореа истражувачот на неговото дело, современикот и ученикот д-р Борис Петковски, Нико Този и Димитар Кондовски. Освен со нивниот жив збор, вчерашниот портрет беше збогатен со текстови на Славко Јаневски посветени на Мартиноски што ги читаше Сабина Тозија и со музика што ја исполнија ученици од Музичко-балетскиот училишен центар во Скопје. Свеченоста, која ја отвори директорот на Галеријата, Драган Бошнакоски, се одржуваше во сала во која беше изложен еден дел од творештвото на Мартиноски, а на влезот публиката беше дочекана од незавршеното, последно дело на сликарот поставено на неговиот штафелај.



**Никола Мартиноски: Автопортрет**

Говорејќи за условите и амбиентот на предвоеното Скопје во кои блесна необичната појава на младиот сликар Мартиноски, д-р Борис Петковски вчера, меѓу другото рече: „Сето она што го впиваше во себе Мартиноски во текот на школувањето во Букурешт или во Париз од културите и уметностите на тие средини, никогаш не успеа да ја задуши и обесмисли длабоката определеност на неговото творечко битие.

Тој ги послуша советите на Бисиер да „остане свој, балкански", но асимилацијата на специфичните духовни и уметнички клими на двата големи града на Европа, во кои се изврши неговото професионално оформување на македонски уметник, исто така имаше решавачко влијание врз неговото уметничко дејствување. Мартиноски умееше страсно, со длабока соживеаност да открие и во различен степен да асимилира елементи од тогашните актуелни движења, со што, по враќањето во Македонија, тој ги воведе настојувањата на модерната уметност, рушејќи ги сите рамки што историскиот развој на оваа земја ги имаше поставено во ликовното и воопшто во уметничкото творештво".

Нико Този се осврна и го оддели особено значајното место на Мартиноски како педагог, по чија лична заслуга беше формирана Средната уметничка школа во Скопје по војната, од која излегоа првите генерации ликовни уметници директно под негово влијание.

Евоцирајќи ги спомените за Мартиноски, и Димитар Кондовски се задржа на анализата на скопската средина во која појавата на младиот Мартиноски беше ексклузивен настан, како што рече тој. „Тоа беше неверојатно — рече меѓу другото Кондовски — каква моќ имаше Мартиноски, и покрај својата уметност која збунувачки делуваше и покрај бурниот приватен живот, да создаде таков авторитет и да биде прифатен од средината, која за срека не влијаеше многу со својот специфичен вкус врз неговото творештво".

С. Г.